

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТРАТЕШКИ ПЛАН

# 2019-2021

# НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## М И С И Ј А

СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ИМА МИСИЈА ДА ГИ ПРЕТСТАВУВА ГРАЃАНИТЕ КАКО НОСИТЕЛ НА ЗАКОНОДАВНАТА ВЛАСТ И ДА ВРШИ ПОЛИТИЧКА КОНТРОЛА И НАДЗОР НАД ИЗВРШНАТА ВЛАСТ

## В И З И Ј А

ОТВОРЕНА, ОДГОВОРНА И МОДЕРНА ЗАКОНОДАВНА ВЛАСТ ВО ФУНКЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## С Т Р А Т Е Ш К И  Ц Е Л И

ФУНКЦИОНАЛНА ПАРЛАМЕНТАРНА ДЕМОКРАТИЈА

ОТВОРЕН ПАРЛАМЕНТ

ПРОАКТИВНА ПАРЛАМЕНТАРНА ДИМПЛОМАТИЈА

НАПРЕДНИ И ЕФИКАСНИ УСЛУГИ И СОБРАНИСКА СЛУЖБА

## В Р Е Д Н О С Т И

ПРОФЕСИОНАЛНОСТ НЕПРИСТРАСНОСТ ТРАНСПАРЕНТНОСТ НЕЗАВИСНОСТ ОДГОВОРНОСТ ЕФИКАСНОСТ

## НАДЛЕЖНОСТИ И ОРГАНИЗАЦИЈА

Република Македонија е држава со парламентарна демократија. Една од темелните вредности на уставниот поредок е поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска. Улогата на Собранието е суверено да донесува закони, да ги претставува граѓаните и да ја контролира Владата. Неговата работа се уредува со Уставот, Законот за Собранието и Деловникот на Собранието.

### ПРЕТСТАВНИЧКАТА ФУНКЦИЈА

на Собранието се остварува преку остварувањето на контакти и комуникација меѓу пратениците и граѓаните. Канцелариите за контакт со граѓаните претставуваат значајна форма за комуникација на пратениците со граѓаните и избирачите во нивните изборни единици.

### ЗАКОНОДАВНАТА ФУНКЦИЈА

на Собранието се остварува преку донесување на закони во постапка уредена со Деловникот. Собранието за вршење на работите од својата надлежност донесува и одлуки, декларации, резолуции, препораки, заклучоци и основа органи.

### ПОЛИТИЧКА КОНТРОЛА И НАДЗОР

Собранието врши над Владата и над други носители на јавни функции што се одговорни пред Собранието преку пратенички прашања, интерпелација, прашање за доверба на Владата и анкетни комисии. Во рамките на остварувањето на надзорната функција, се организираат надзорни расправи за надзор над спроведувањето на политиките и извршувањето на законите.

Работата на Собранието се одвива преку вкупно 21 работно тело (комисии), 3 совети, Постојана анкетна комисија за заштита на слободата и правата на граѓанинот, Комитет за односи меѓу заедниците, Клуб на пратенички и интер партиска парламентарна група за права на лица со посебни способности. Парламентарната дипломатија се одвива преку 9 делегации во меѓународни парламентарни собранија и други мултилатерални форуми и 46 пратенички групи за билатерална соработка. Пратеничките групи во Собранието имаат еден асистент на секој пет пратеници и секој пратеник има канцеларија со асистент во местото каде што е избран.Законодавниот процес има поддршка од информатички програми (е-парламент, е-библиотека, е-законодавна архива и системи за електронска комуникација) и информатичка технологија. Зградата на Собранието е изградена од 1936 година со доградба од 2016 година со вкупно 18.127 $м^2$ простор. Секој пратеник има своја канцеларија. Работата на Собранието ја поддржува собраниската служба раководена од генерален секретар, составена од 280 административни службеници организирани во 13 сектори и 3 посебни организациони единици кои опслужуваат 120 пратеници.

## СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ

Следењето на остварувањето на целите и активностите во Стратешкиот план ќе се врши постојано во рамките на Собранието на Република Македонија преку раководните структури. Формата на следење ќе биде годишен Извештај за спроведување на Стратешкиот план кој ќе се изработува во првиот квартал од секоја година за претходната година и ќе претставува основа за планирањето на годишните ревизии на Стратешкиот план.

## ЦЕЛИ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН 2018-2020

### ФУНКЦИОНАЛНА ПАРЛАМЕНТАРНА ДЕМОКРАТИЈА

1. Зајакнување на претставничката функција
2. Остварување на законодавна функција
3. Зајакнување на надзорната функција на Собранието
4. Граѓанско учество во законодавниот процес
5. Информирани пратеници
6. Подобрување на правната рамка за работата на Собранието
7. Планирање на законодавни активности

### ОТВОРЕН ПАРЛАМЕНТ

1. Промовирање на култура на отвореност и вклучена и информирана јавност и ранливи категории граѓани
2. Реформа на собранискиот канал
3. Собранието дел од Партнерството за отворена власт
4. Лесно пребарлива интернетска страница и проактивно користење на социјални мрежи
5. Буџетски транспарентна законодавна власт

### ПРОАКТИВНА ПАРЛАМЕНТАРНА ДИПЛОМАТИЈА

1. Јакнење и унапредување на улогата на Собранието во европската и евроатлантската интеграција
2. Иницијативен парламент во мултилатералните и билатералните односи со активно застапување на парламентарните позиции
3. Кредибилен парламент со дефинирани позиции и усогласени активности во надворешната политика

### НАПРЕДНИ И ЕФИКАСНИ УСЛУГИ И СОБРАНИСКА СЛУЖБА

1. Модерна и функционална инфраструктура
2. Зајакнување на финансиската самостојност и ефикасно финансиско управување
3. Ефикасна собраниска служба и вреднувани службеници во инклузивна работна средина
4. Безбеден парламент

Бр. 32-3499/2

05.06 2018 година

СКОПЈЕ

Претседател на Буџетскиот совет на
Собранието на Република Македонија
Д-р Фросина Ташевска Ременски